Врз основа на член 11 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 2 став 1), став 2) и став 3) од Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници („Сл.весник на РМ“ бр.72/2014 и бр.147/2014), а во согласност со член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), доставената Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат (бр.04-266/14 од 09.02.2024 година) од Интерен оглас бр.01/2024 и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година, бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година, бр.01-898/1 од 04.04.2018 година, бр.01-1336/1 од 04.06.2018 година, бр.04-1680/1 од 18.07.2018 година, бр.04-2377/1 од 08.11.2018 година, бр.01-1018/1 од 07.04.2021 година, бр.01-1273/1 од 03.06.2022 година, бр.01-1158/1 од 08.06.2023 година и бр.01-2301/1 од 17.12.2023 година), Секретарот на Општина Кочани ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР 04-266/15
12.02. 2024 год.
КОЧАНИ

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник

1) На Интерниот оглас бр.01/2024, за работно место **Раководител на одделение за комунални работи,** во Одделение за комунални работи во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи, шифра УПР0101Б04000 – 1 извршител со звање раководител на одделение во Општинската администрација на Општина Кочани, **се врши избор на кандидат за унапредување на административен службеник – Даниел Стојанов**.

2) Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата на Општина Кочани.

3) Избраниот кандидат за унапредување на административен службеник од точка 1 од оваа Одлука, ќе биде распорден по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение;

## *Образложение*

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на Секретарот на Општина Кочани со Решение (бр.04-266/9 од 01.02.2024 година) во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за работното место од точка 1 на оваа Одлука, по Интерниот оглас за унапредување на 2 административни службеници во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.04-266/1 од 23.01.2024 година), објавен на интернет страницата на Општина Кочани и на интернет страницата на Агенцијата за администрација под бр.01/2024 на 29.01.2024 година ја спроведе постапката согласно Законот за административните службеници која е во две фази.

Од првата фаза Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, изготви Записник од административна селекција за интерен оглас (бр.04-266/10 од 09.02.2024) во кој беше утврдено дека на огласот за наведеното работно место е пријавен вкупно 1 кандидат, од кој уреден 1, а неуредни 0 кандидати. Во втората фаза продолжи 1 уреден кандидат, со кој Комисијата изврши интервју, за да Комисијата изготви Записник од работата на Комисијата за

селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју (бр.04-266/13 од 09.02.2024 година).

По спроведените 2 фази од постапката, а во согласност со Законот за адмнистративните службеници се изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат (бр.04-266/14 од 09.02.2024 година), кои се доставија до Секретарот на Општина Кочани.

Секратарот на Општина Кочани во согласност на член 52 став (1) од Законот за административните службеници, ја донесе оваа Одлука за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2024, во која е одлучено дека за работно место Раководител на одделение за комунални работи, во Одделение за комунални работи во Сектор за урбанизам, заштита на животната средина и комунални работи, шифра УПР0101Б04000 – 1 извршител со звање раководител на одделение во Општинската администрација на Општина Кочани, прворангираниот кандидат за унапредување на административен службеник е – Даниел Стојанов.

Врз основа на сето горе изнесено, Секретарот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука:*** *Против Одлуката незадоволниот кандидатот има право во рок од 8 дена да поднесе на жалба до Агенција за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

**Секретар на**
**Општина Кочани**
**Драган Ананиев**

Доставено до:
- Архива
- Одделение за УЧР
- Агенција за администрација
- Кандидатот

Изготвил:
Мартина Митевска